**Врз основа на чл. 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и чл. 34 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Градоначалникот на општина Охрид, го донесе следниот:**

# ПРАВИЛНИК

**За издавање на картички за движење на моторни возила во стариот дел на град Охрид**

## *1.ОПШТИ ОДРЕДБИ*

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат условите кои треба да ги исполнуваат барателите на картичките за движење на моторни возила во Стариот дел на градот, постапката и начинот на издавање на истите и начинот на функционирање на системот за електронско евидентирање на движењето на моторните возила во стариот дел од градот согласно режимот на сообраќај.

## *2. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА БИДАТ ИСПОЛНЕТИ ЗА ДА СЕ ДОБИЕ КАРТИЧКА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ВОЗИЛАТА ВО СТАР ГРАД*

**Член 2**

Картички за движење на моторни возила во стариот дел на град Охрид, може да добијат физички и правни лица кои ги исполнуваат следните услови:

- Физичко лице да биде жител на стариот дел од град Охрид ( се потврдува со копија од лична карта) , на негово име и адреса да има регистрирано моторно возило со важечка регистрација ( се докажува со копија од сообраќајна дозвола).
- Правни лица ќе можат да добијат картичка за движење на моторни возилата кои се регистрирани на иста адреса на која адреса е и седиштето на правното лице , а кое е во стариот дел од град Охрид ( како доказ се приложува копија од сообраќајна дозвола и тековна состојба од Централен Регистар).
- Станоиздавачите кои во склоп на својата КП поседуваат простор за повеќе паркинг места ќе добијат онолку картички колку што имаат обезбедено паркинг места ( кои ќе се утврдат на лице место од страна на Комисијата која ќе биде формирана од страна на Градоначалникот ) .
- Туристите кои имаат резервирано сместување преку BOOKING со формуларот ќе може да влезат во Стариот дел од градот за сместување и во временски интервал од 1 час возилото треба да излезе.
- Жителите кои немаат постојана адреса во стариот дел од градот , а во сопственост имаат стамбен објект во овој дел ќе им биде издадена само една картичка за моторно возило регистрирано на нивно лично име.

***3. ПОСТАПКА И НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ НА КАРТИЧКИТЕ***

**Член 3**

Картичка ќе можат да подигнат сите баратели кои ги исполнуваат условите од членот 2 од овој Правилник во Одделението за сообраќај – Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици – Општина Охрид.

Картичките ќе ги издава Комисија формирана од страна на Градоначалникот, во која покрај лица вработени во Одделението за сообраќај , ќе има и преставник од УЗ Стар Град.

***4. НАЧИН НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ДВИЖЕЊЕТО НА МОТОРНИТЕ ВОЗИЛА ВО СТАРИОТ ДЕЛ ОД ГРАДОТ***

**Член 4**

За функционирање на системот за електронско евидентирање на движењето на моторните возила во стариот дел од градот ќе бидат поставени 3 влезно – излезни терминали и тоа на локации:

- Споменик – Фаќач на крст;
- Горна Порта и
- Црква Св . Богородица - Каменско

Овие влезно – излезни терминали меѓусебно ќе бидат поврзани во систем и доколку со една картичка се направи влез во овој опфат се додека не се евидентира дека е направен излез со истата картичка нема да може истата повторно да се употреби за влез со што ќе се оневозможи користење на иста картичка за влез на повеќе возила.

***5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Охрид“ .

27. Мај.2019 година<br>Охрид

Градоначалник,<br>Д-р. Константин Георгиески